IGM trade

# *Политика за квалитет, здравје и безбедност при работа и животна средина*

ИГМ Трејд Кавадарци, водејќи сметка за контекстот на организацијата, како и стратешкиот правец на истата, се определува во целост да ја спроведува ПОЛИТИКАТА ЗА КВАЛИТЕТ (QMS), ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА (OH&S) и ЖИВОТНА СРЕДИНА (EMS), која е рамка за воспоставување и прегледување на дефинираните цели за квалитет, здравје и безбедност при работа и животна средина.

Креирање деловен систем за управување со квалитет, здравје и безбедност при работа и животна средина, ориентиран кон:

- Клиентите и други заинтересирани страни со цел зголемување на нивната доверба преку контрола на квалитетот, безбедноста на суровините и добиениот финален производ, како и заштитата на животната средина;
- Фокусирање и прилагодување на пазарот, со цел зголемено учество на истиот;
- Навремено доставување на исклучиво безбедни и квалитетни производи до ценетиот купувач, зголемувајќи и подобрувајќи го сопствениот имиџ на водечка компанија во индустријата за производство на заварени цевки и профили;
- Создавање на стратешки партнери со познати компании - заинтересирани страни од областа на металургијата и металопреработувачката индустрија;
- Создавање коректни партнерски односи со добавувачите со цел навремено, квалитетно и безбедно добавување на суровини, репроматеријали и услуги кои ја гарантираат заштитата на животната средина како и здравјето и безбедноста при работа;
- Идентификување и елиминирање на сите ризици кои можат да предизвикаат губење на работата и купувачите, смалување на добивката, загадување на животната средина, загрозување на здравјето и безбедноста при работа и се она што неповолно влијае врз работењето;
- Спречување на повреди и опасности по здравјето и безбедноста при работа, како на вработените, така и на сите присутни во работното опкружување;
- Обезбедување на нулта ниво на смртни случаи или повреди на работа, кои имаат за последица траен инвалидитет;
- Стремеж за обезбедување нулта ниво на изгубено време поради повреди на работа;
- Обезбедување здрава и безбедна работна средина;
- Тимско работење и овластување на сите вработени да работат во рамкиите на нивните дефинирани права и одговорности;
- Водење постојана грижа за вработените и превенција на животната средина, како и рационално користење на природните ресурси;

**ИГМ Трејд и во иднина се обврзува да:**

- Континуирано го одржува и подобрува Системот за управување со квалитет, здравје и безбедност при работа и животна средина, со што ги исполнува барањата од стандардите ISO 9001, ISO 45001 и ISO 14001, ја спроведува законската регулатива и ги задоволува барањата на купувачите и другите заинтересирани страни;
- Перманентно го спроведува стручното оспособување за производство на заварени цевки и профили, на вработените од сите нивоа;
- Го спречува загадувањето на животната средина;
- Води грижа за подобрување на условите за работа, опрема, свеста и знаењето на вработените, како и за унапредувањето на перформансите vs животната средина и здравјето и безбедноста при работа;

**Дата: 01.06.2026г.**

**Управител:**
**Тихомир Димов**